ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД , како првостепен вонпроцесен суд , составен од судијата Вулнет Винца како судија поединец , решавајќи по предлогот , поднесен од предлагачот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во промет М-6 Светлана и останати ДОО Скопје Зак. застапник Управител Светлана Пендаровска од Скопје ул.“810“ бр.2 Скопје , »против противникот Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво “ ОХРИДТУРИСТ “ Охрид ул.“Партизанска“ бр.8 Охрид , за свикување на Собрание на Акционери на Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво ОХРИДТУРУИСТ Охрид , без одржување на рочиште , на ден 09.02.2021 година , го донесе следното :

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УВАЖУВА предлогот на предлагачот , на начин што :

ДА СЕ СВИКА Собрание на Акционери на Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид со ЕМБС 4058844 ЕДБ 4020974116788 , со следниот дневен ред : точка 1 - избор на четри неизвршни членови на Одборот на директори на на Собрание на Акционери на Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид.

СЕ НАЗНАЧУВА лицето Адвокат Антонио Велкоски од Скопје Бул.“Партизански Одреди“ бр.27а- 10 , со ЕМБГ 1809991450073 , да го одреди времето и местото на одржување на Собранието на акционери , датумот за евиденција на акционерите кои имаат право на глас , како и другите потребни дејствија за успешно свикување и одржување на седницата на Собрание на акционери.

Собранието на акционери ќе се свика најдоцна во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот ТДИУ во прометот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје , преку полномошникот адв.Нефтенов Панче од Скопје , до овој суд поднесе предлог за свикување на Собрание на Акционери на Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво ОХРИДТУРУИСТ Охрид.

Во предлогот е наведено дека предлагачот е трговско друштво и е акционер кај противникот како сопственик на 75.021 обични акции или 43,5 % од вкупниот број на акции и бидејќи го исполнувал законските услови за да побара свикување на собрание на акционери , согласно чл.385 од ЗТД и чл.48 од Статутот на Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво “ОХРИДТУРИСТ“ Охрид до одборот на директори како овластен свикувач на Собрание на акционери на ден 22.01.2021 година поднесол барање за свикување на на Собреание на Акционери на Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид. По поднесеното барање за свикувања на собрабие на акционери од страна на противникот до предлагачот е доставено известување дека барањето се одбива, бидејќи врзо снова на одлука бр.164-10 од 10.09.2019 година Собранието на акционери на противникот во Централниот регистар извршил упис на избраните членови на одборот на директори на противникот , при што еден од акционерите повел постапка пред Основен суд Охрид за поништување на одлуката за избор на членови на одборна директори по што пред Основен суд Охрид била поведена пстапка под ТС1-12/19 и на ден 02.03.2020 година била донесена пресуда , со која

пресуда меѓу другото утврдена е ништовност на одлоуката на собрание на директори на противникот , на пресудата ТС 1-12/19 од 02.03.2020 година странките поднеле жалби по кои од Апелациониот суд Битола е донесена пресудата ТСЖ-171/20 од 07.12.2020 година со кое жалбите на странките се одбиени како неосновани и пресудата на Основен суд Охрид ТС 1-12/19 од 02.03.2020 година е потврдена.

Овој суд откако изврши увид во приложените докази доставени со предлогот и тоа : извадок од Централен депозитар за хартија од вредност -Акционерска книга - , барање од 22.01.2021 година , известување бр.03-17/2 од 22.01.2021 година , пресудата ТС1-12/19 на Основен суд Охрид , пресудата ТСЖ-171/20 од 07.12.2020 година на Апелациониот суд Битола и Статутот на Акционери на Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид од 22.08.2012 година , најде дека барањето за свикување на собрание на акционери кај противникот е основано и се одлучи како во изреката на решението , а поради следното :

Во чл.65 ст.1 од Статутот на противникот од 22.08.2012 година е наведено дека управувањето на друштвото е организирано според едностепениот систем , а согласно чл.65 ст.2 од истиот Статут е предвидено дека одборот на дирктори има пет членови. Во конкретниот случај согласно правосилната пресуда на Основен суд Охрид која е праволсилна , четири од петте места на одборот на директори се испразнети без избрани членови а кои треба да се изберат како неизвршни членови на одборот на директори. Согласно чл.383 ст.1 т.3 од ЗТД и чл. 44 ст.1 т.3 од Сатутот на противникот собранието на акционери ги избира челновите на одборот на директори.

При ваква состојба овој суд е на мислење дека во конкретниот случај врз основа на чл.386 ст.2 од ЗТД , каде е предвидено дека : “ судот во рок од 8 дена од денот на поднесувањето на предлогот од ст.1 на истиот член донесува одлука за свикување собрание ако се исполнети условите , начинот и постапката за свикување на собрание , определени со овој закон и ако прашањата предложени за дневниот ред , според овој закон или според статутот се во надлежност на собранието.

При донесувањето на одлуката се имаше во предвид и став 1 од член 386 од ЗТД , каде е предвидено дека : “ Ако органот на управување , надзорниот одбор , однодно неизвршните членови на одборот на дирктори не донесат одлука во рок од ставовите 5 и 6 од чл. 385 од ЗТД , или не го прифатат барањето за свикување собрание, судот по предлог , може да донесе одлука да се свика собрание“.

Поради наведените причини се одлучи како во изреката на ова решение.

ОД ОСНОВНИОТ СУД ВО ОХРИД , на ден 09.02.2021 година.

С у д и ј а,
Вулнет Винца с,р,

ПОУКА: Рок за жалба 15 дена од денот на приемот,
преку овој суд до Апелациониот суд Битола.

Д - на : адв.Нефтенов Панче ул.“Орце Николов“ бр.186/2-8 Скопје и
Хотелско - Угостителско Акционерско Друштво “ ОХРИДТУРИСТ “ Охрид ул.“Партизанска“ бр.8 Охрид , на кои да им се достави и примерок од предлогот.